**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4783 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;
5. **Предмет на надзорот**:
   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**
6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Третиот десетдневен период, од 22 септември до 1 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на ТВ Дневникот од 18 часот и 30 минути, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 17 минути и 45 секунди.

*Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Судство | 00:14:50 | 5,75 | % |
| Специјално обвинителство | 00:23:13 | 9,01 | % |
| Собрание на РМ | 00:12:11 | 4,73 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:16:56 | 6,57 | % |
| СДСМ | 00:16:38 | 6,45 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:01:15 | 0,48 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:15 | 0,48 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:23:26 | 9,09 | % |
| Други субјекти | 00:37:33 | 14,57 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:04 | 1,58 | % |
| Граѓански сектор | 00:11:13 | 4,35 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:20:19 | 7,88 | % |
| Локална самоуправа | 00:10:18 | 4,00 | % |
| Без субјекти | 00:13:37 | 5,28 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:02:14 | 0,87 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:03 | 1,18 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:13 | 0,86 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:28 | 3,67 | % |
| Влада на РМ | 00:20:48 | 8,07 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:01:31 | 0,59 | % |
| Шарена револуција | 00:02:08 | 0,83 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:50 | 0,71 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:05 | 1,20 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:18 | 0,12 | % |
| Привремена комисија | 00:01:26 | 0,56 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:04 | 0,41 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:01:26 | 0,56 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:23 | 0,15 | % |
| | **Вкупно: 04:17:45** | **100** | **%** |

Најголем дел од субјектите кои во извештајниот период се појавија во Дневникот во 18 часот и 30 минути, методолошки се кодирани во категоријата *„други субјекти“* (адвокати, Светски македонски конгрес, Метаморфозис, Анте Поповски, стопански комори, странски експерти за туризам, универзитети, професори, НБРМ, совет на родители, Јуксел Јусилова – тренерот на ФК Брегалница, АААВМУ, РСБСП, Брима Галуп, директорот на МКЦ Златко Стефановски и др.). Оваа категорија е застапена со 37 минути и 33 секунди.

Значајно време (23 минути и 26 секунди) е одвоено и за категоријата „експерти/аналитичари“, кои се вклучени во поголем дел од прилозите посветени на работата на СЈО, за реализацијата на капиталните инвестиции, честите измени во Кривичниот законик, извештајот на Светска Банка за Македонија и предупредувањата за одржливост на ПИОМ, и др. Консултирани се мислењата на: Звонко Давидовиќ (адвокат), Александар Пандов (аналитичар), Никола Поповски (професор), Борче Треневски (професор), Никола Тупанчевски (професор), Ненад Јанаќиевиќ (правник), Владимир Божиновски (аналитичар), Осман Кадриу (аналитичар), Јордан Митриноски (поранешен претседател на апелациски суд), Борче Давитковски (правен експерт), Душан Спасов (професор), Снежана Милошевска Костадиновска (Економски институт), Зоран Ивановски (професор), Магдалена Лембовска (аналитичар), Владимир Пивоваров (поранешен

разузнавач), Светомир Шкариќ (професор), Абдулменаф Беџети (академик), Виктор Камиловски (трауматолог), и Петар Атанасов (професор).

Специјалното јавно обвинителство е присутно со 23 минути и 13 секунди преку низа прилози насловени: Основниот суд ги врати доказите на СЈО; Официјалното барање на СЈО за повлекување на судијката во предметот „Тврдина"; Обвинителката Јанева повеќе нема да присуствува на комисиска седница; СЈО отвори нов случај „Трезор"; Јанева ја напушти седницата на Советот на јавни обвинители и др.

Следна по застапеност е Владата на Република Македонија (20 минути и 48 секунди), преку активностите и реакциите на премиерот Емил Димитриев, како и на неколку министерства на следниве теми: предлог буџет за 2017 година; учеството на премиерот Емил Димитриев на европска конференција посветена на бегалската криза, проблемите со блокираните сметки на училиштата, расходите од буџетот, проблемите со откупот на земјоделските производи, интервју со Министерот за надворешни работи Никола Попоски во врска со барањата на Турција за затворање на институциите кои соработуваат со Абдула Ѓулен, подготовката на предлог буџетот за 2017, кадровските смени во МВР.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за ВМРО ДПМНЕ (16 минути и 56 секунди) и за СДСМ (16 минути и 38 секунди). Покрај нив како субјекти во вестите се појавуваат уште 8 политички партии (НСДП, ЛДП, ДУИ, ДПА, ДПА-ДР, ВМРО–НП, СПМ и ДОМ). Тие се присутни преку прес-конференции, изјави, соопштенија или реакции.

Телевизија Телма во анализираниот период главно емитува извештаи, без ниту една анализа или коментирање во најавите на прилозите. Доминира неутрална аргументирана критика без примери на фаворизирање ниту оцрнување на некој политички субјект. Елементи на експлицитна оценка се регистрирани во некои од најавите за дебатната емисија „Топ тема". Таков пример е најавата за емисијата од 26.09.2016 година. Презентерката, воедно и уредничка на вестите оценува: „Протестите (за подршка на СЈО н.з.) и комисиската расправа за Извештајот на Специјалното обвинителство вечерва се Топ тема (Се обраќа директно кон водителот на Топ тема). Настапите на Катица Јанева се топ тема, па веќе втора недела гледаме собраниски циркус". Водителот: „Јас би рекол, според една партизанска, дека оваа петта офанзива на Катица Јанева пред очигледниот политичко партиски линч врз Специјалното јавно обвинителство што во овој момент пред пратениците од владеечкото мнозинство го изведуваат во одбрана на т.н. нивна правдина и правораздавање. Специјалната јавна обвинителка продолжува со својот храбар од, вклучувајќи ја нејзината перцепција и прозивки од јавна сцена на сите правосудни органи со кои би требало да кохабитира во изведувањето на правдината за едно од најголемите политичко – судски и полициски афери, а тоа е масовното прислушување. Дали е на сцена политички линч врз Јанева или мобинг, како што таа изјави при напуштањето на Парламентот, ќе видиме во дебатата во која ќе учествуваат Павле Богоевски од Шарената револуција и Хелсиншки комитет, Александар Пандов од ГДОМ и екс пратеник од ВМРО ДПМНЕ и Ирена Цветковиќ од невладиниот сектор."

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:08:56 | 11,67 | % |
| Специјално обвинителство | 00:06:42 | 8,75 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:15 | 0,33 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:49 | 1,07 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:13:04 | 17,07 | % |
| Други субјекти | 00:09:13 | 12,04 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:18 | 5,62 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:49 | 7,60 | % |
| СДСМ | 00:09:15 | 12,08 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:46 | 1,00 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:48 | 1,05 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:46 | 1,00 | % |
| Влада на РМ | 00:07:17 | 9,51 | % |
| Судство | 00:01:18 | 1,70 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:28 | 0,61 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:25 | 0,54 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:50 | 1,09 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:45 | 2,29 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:29 | 1,94 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:14 | 0,30 | % |
| Привремена комисија | 00:00:37 | 0,81 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:01:09 | 1,50 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:20 | 0,44 | % |
| | **Вкупно: 01:16:33** | **100** | **%** |

Временски најмногу директни обраќања им се дадени на субјектите кодирани како „*експерти/аналитичари*", „*СДСМ*", „*други субјекти*" и „ВМРО ДПМНЕ".

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

Дебатните емисии секојдневно се присутни во програмската шема на ТВ Телма со репризни изданија во подоцните часови. Во емисиите се третираат актуелни теми со различни соговорници.

„ТОП ТЕМА" се емитува секој работен ден со различни соговорници во студиото. Во текот на извештајниот период е емитувано едно репризно и седум премиерни изданија од кои шест се категоризирани како дебатни емисии и едно издание е со две интервјуа. Посебни интервјуа има и во склоп на дебатните емисии како илустрација за темата, или непосредно поврзани со темата на дебатата.

На 22 септември 2016 година, веднаш по полноќ, емитувано е репризно издание на „ТОП ТЕМА" со водителот Александар Чомовски. Гости беа: Климе Бабунски, комуниколог, Ана Глигорова, ТВ реализатор и член на „Левица", Драган Антоновски, новинар и член на Советот за етика на медиумите, Горан Трпеновски, новинар и член на Ад хок телото. Теми на кои се дебатираше беа: ТВ настапот на обвинителката Катица Јанева, медиумски шок и партиски игри, дали е ова вовед во валкана политичка борба со неелоквентната специјална тужителка или страв од нејзините обвиненија, кој и како го осмисли лошиот јавен настап на Катица Јанева, дали критиките се медиумски оркестрирани од владејачката партија, зошто Јанева ја потцени зрелоста на македонската јавност, ќе успее ли да се справи со пратеничките провокации во парламентарната дебата.

На 22 септември 2016 година, со почеток во 19 часот и 16 минути, емитувано е ново премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителката Оливера Трајковска. Гости беа: Слободан Унковски, режисер, Петар Арсовски, комуниколог и Катерина Блажевска, новинар. Теми на кои се дебатираше беа: Што недостасува во предизборната динамика? Кој ќе ги добие неопределените на декемврските избори? Дали истрагите на СЈО и желба за правда се доволни да ја решат изборната разврска? Репризното издание е на преодот помеѓу 22 и 23 септември 2016 година.

На 23 септември 2016 година, со почеток во 19 часот и 1 минута, емитувано е ново премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Боби Христов. Гости беа адвокатите Звонко Давидовски и Александар Наков. Теми на кои се дебатираше беа: Нови преписки меѓу Специјалното јавно обвинителство и Кривичниот суд? Правни недоследности, неукост или опструкции? Кој ја премина црвената

линија на раздвојување на правото и политиката во собраниската дебата за извештајот на СЈО? Што може да се очекува во иднина? Што недостасува во предизборната динамика? Кој ќе ги добие неопределените на декемвриските избори? Дали истрагите на СЈО и желба за правда се доволни да ја решат изборната разврска? Пренесени избор дебати од Собранието. На крајот на емисијата пренесено е интегрално интервју на Романската обвинителка Лаура Ковеши – пандан на СЈО. Репризното издание е на 24 септември 2016 година.

На 26 септември 2016 година, со почеток во 19 часот и 16 минути, емитувано е ново премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Александар Чомовски. Гости беа: Ирена Цветковиќ, професор и активист за заштита на маргиналните заедници, Павле Богоевски, активист на „Шарена револуција" и Александар Пандов, активист на ГДОМ и поранешен пратеник на ВМРО ДПМНЕ. Теми на кои се дебатираше беа: Јанева пред пратенички линч или неспремна да го брани (не)сработеното? Што недостасува во предизборната динамика? На почетокот на емисијата е емитувано интервју со Јасмина Дуриќ, која добила прекоманда во кујна на АРМ во Кичево и говори за мобингот во Министерството за одбрана. Репризното издание е на преодот помеѓу 26 и 27 септември 2016 година.

На 27 септември 2016 година, со почеток во 19 часот и 20 минути, емитувано е ново премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Боби Христов. Гости беа: Ристо Никовски, поранешен амбасадор и автор на две книги поврзани со американското влијание во Македонија, „Улогата на САД во македонските голготи„ и „Клучот за името е во Вашингтон" и Емил Крстевски, новинар и публицист, исто така, посветен на американските политички собитија, меѓу другото и со својата книга „Политиката на САД, медитеранот и арапската пролет". Теми на кои се дебатираше беа: Изборите во Соединетите американски држави, соочување на кандидатите во телевизиската дебата, прва жестока дебата Клинтон-Трамп. Репризното издание беше на 28 септември 2016 година.

На 29 септември 2016 година, со почеток во 19 часот и 13 минути, емитувано е ново премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителката Оливера Трајковска. Гости беа: Висар Адеми, аналитичар, Есад Рахиќ, (цитат од водителката) „поранешен претседател на комисијата која требаше по нешто од сето ова да следи за да денеска не бидеме шокирани на овој начин што всушност се случувало во срцето на управата за безбедност и контраразузнавање" и новинарката Мери Јордановска, истражувач во БИРН и ПРИЗМА. Теми на кои се разговараше беа: Дали алатките на безбедносните служби се надвор од секаква контрола? Репризното издание беше на 30 септември 2016 година.

На 30 септември 2016 година, со почеток во 19 часот и 13 минути, емитувано е ново премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА – Балкан во Европа" со водителот Борјан Јовановски. Странски функционери и аналитичари дебатираат за невработеноста на младите луѓе на Балканот, вклучително и во Македонија. Вовед на водителот – „Младите од Балканот масовно ги напуштаат своите земји во потрага по подобра иднина во Европа, кои се причините за нивното бегство од дома и како да се спречи овој погубен тренд. Гости беа: Ивана Атанасова-првенец на УКИМ, најмладата европратеничка Ева Паунова, Адриоанус Гијано - потпретседател на младите во европската народна партија и Давид Линот - експерт. Репризното издание беше на први октомври 2016 година.

На 28 септември 2016 година, со почеток во 19 часот и 14 минути, во премиерното издание на „ТОП ТЕМА" се реализирани две одделни интервјуа со двајца соговорници. Првото интервју е со министерот за надворешни работи Никола Попоски, а второто со академик Стефан Воденичаров, доктор на технички науки, претседател на Бугарската академија на науките БАН. Темата беше: Македонците и Бугарите да разговараат без емоции и со респект на фактите. Репризното издание се емитуваше на преодот помеѓу 28 и 29 септември.

***Сектор за програмски работи***

[illegible]